МАЛИОТ ШТЕДАЧ
УЧИЛИШТЕ
НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БАНКА
ЦИНГ! ЦАНГ!!
- Бато, бато... што правиш со паричките?
- Еве штедам!
- Што е тоа штедам?
- Е, штедење значи да имаш парички во секое време, како мене!
- Еве, бато, и јас имам паричка - денарче.
- Значи ли тоа дека ако соберам повеќе денарчиња и јас ќе штедам?
- За да штедиш, треба денарчињата да ги однесеш кај нивните другарчиња денарчиња, а тоа е во банка!
- По одреден период тие ќе бидат зголемени по број. Штедењето значи ако се потрудиш да штедиш, во иднина ќе имаш уште повеќе пари.